Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП
В О Е Н А   А К А Д Е М И Ј А
„Генерал Михаило Апостолски“ Скопје
- придружна членка -

# Б И Л Т Е Н
## НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

# 57

17 август 2012 година
Скопје

# С О Д Р Ж И Н А

1. Реферат за избор на За избор на соработник по предметите ***Организација и менаџмент и Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*** на воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје придружна членка на универзитетот „Гоце Делчев" во Штип 1081
2. Реферат за избор на наставник за наставно - научната област воени науки, по предметите: ***тактика по врски, документи и сообраќај за комуникациско-информатички уреди и системи, комуникациско-информатички уреди и комуникациско-информатички системи*** на воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје придружна членка на универзитетот „Гоце Делчев" во Штип 1099

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОРГАНИЗАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ И РЕСУРСИ, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И СНАБДУВАЊЕ ВО КРИЗНИ УСЛОВИ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ" - СКОПЈЕ ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на член 132, став 1-5, од Законот за високо образование (“Службен весник на Република Македонија“, бр 35/08, 103/08, 26/09) и Законот за Воена Академија (Службен весник на Република Македонија“бр 83/09), со Одлука бр. 03-18/199 од 18.05.2012 година донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, одржана на 18.05.2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“. Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 02.05.2012 година, а во предвидениот рок се пријавиле следниве кандидати:

- м-р Гоце Анакиевски
- м-р Димче Букревски
- м-р Митко Вељуслиев
- м-р Игор Гелев
- м-р Живко Рамов
- д-р Златко Николоски
- м-р Игор Ѓорески
- м-р Александар Грижев
- м-р Урим Вејсели
- м-р Јанче Илиевски
- м-р Александра Митровска
- м-р Милена Бошкоска
- м-р Андријана Ѓуровиќ

Врз основа на пријавите и приложената документација и по нивното разгледување, Рецензентската Комисија го доставува следниот извештај:

### И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот **м-р ГОЦЕ АНАКИЕВСКИ** кон пријавата ги приложил документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот м-р Гоце Анакиевски е роден на 13.02.1976 година во Скопје. Магистрирал на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола, на факултетот за безбедност во Скопје, во текот на 2011 година. Вработен во Министерството за одбрана, во Армијата на Република Македонија.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| **Ред. бр.** | **Научно-истражувачка дејност** | **поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| 2. | Статија во научно-стручно списание | 2x2 | | 4 |
| | **Вкупно** | | | **8** |
| | | | | |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 2. | Студиски престој во странство | | | 8 |
| | **Вкупно** | | | |
| | | | **Вкупно** | **16** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 16 поени**, што е недоволно за разгледување и рангирање, соглесно конкурсот за соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“.

Кандидатот **м-р ДИМЧЕ БУКРЕСКИ** кон пријавата ги приложил документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот м-р Димче Букрески е роден на 05.02.1965 година во Охрид. Магистрирал на Националниот одбранбен универзитет во Вашингтон, САД во текот на 2010 година, каде се здобил со звање магистер по стратешки безбедносни студии. Воедно во текот на 2005 година станал магистер во областа на меѓународните односи во Оксфорд, Обединето кралство. Вработен е во Министерството за одбрана, како Раководител на одделение за управување со одбранбени ресурси.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Кандидатот во текот на досегашната кариера има работано на професионални задачи во армијата и Министерството за одбрана. Својата професионална кариера ја надоградил со завршување на Национален колеџ за одбрана во Вашингтон, САД. Има учествувано на проекти, како во земјата, така и во странство, од обласа на одбраната и

безбедност, во владини работни групи, уредувачки одбори, како и настани од национален карактер. Како слушател и учесник, земал учество и на поголем број семинари, конференции и стручни курсеви. За своето несебично ангажирање, добитник е на повеќе благодарници.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови:**

1. Global Affairs, „Глобалното цивилно општество е демократизирачка сила за глобалното владеење“, 2007.
2. Global Affairs, „НАТО како столб на глобалното владеење“, 2007.

**Вкупната актива на поени од активностите:**

Кандидатот засега не учествува во наставно-образовната дејност, Се стекнал со звање магистер на науки. Посетувал поголем број едукативно-образовни настани во земјата. Има објавено скромен број трудови во стручни списанија, вршел изготвување на анализи, извештаи, елаборати и други наставно-образовни и стручно-извршни активности. За својата успешна работа, повеќекратно е наградуван од соодветни авторитети.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| **Ред. бр.** | **Научно-истражувачка дејност** | **поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| 2. | Статија во стручно методско списание | | 2x2 | 4 |
| | **Вкупно** | | | **8** |
| | | | | |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Изготвување на извештаи од анализи | 0,1x20 | | 2 |
| 2. | Студиски престој во странство | | | 8 |
| 3. | Елаборати и експертизи | 2x1 | | 2 |
| 4. | Награди и признанија | | | 8 |
| | **Вкупно** | | | **20** |
| | | | **Вкупно** | **28** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 28 поени**.

Кандидатот **м-р МИТКО ВЕЉУСЛИЕВ** кон пријавата ги приложил документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот м-р Митко Вељуслиев е роден на 03.10.1983 година во Струмица. Магистрирал на Првиот приватен универзитет „ФОН“ во Скопје, на насоката Менаџмент во банкарскиот, профитниот и непрофитниот сектор, во текот на 2011 година. Вработен во Министерството за одбрана, во Армијата на Република Македонија.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| **Ред. бр.** | **Научно-истражувачка дејност** | **поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| | **Вкупно** | | | **4** |
| | | | | |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 2. | Студиски престој во странство | | | 8 |
| | **Вкупно** | | | |
| | | | **Вкупно** | **12** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 12 поени**, што е недоволно за разгледување и рангирање, соглесно конкурсот за соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“.

Кандидатот **м-р ИГОР ГЕЛЕВ** кон пријавата ги приложил документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот Игор Гелев е роден на 06.01.1978 година во Велес. Магистрирал на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир во текот на 2010 година. Вработен во Министерството за одбрана, во Армијата на Република Македонија.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| **Ред. бр.** | **Научно-истражувачка дејност** | **Поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| 2. | Студиски престој во странство | 8 | | 8 |
| | **Вкупно** | | | **12** |
| | | | | |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Награди и признанија во земјата и странство | | | 8 |
| | **Вкупно** | | | **8** |
| | | | **Вкупно** | **20** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 20 поени**, што е недоволно за разгледување и рангирање, согласно конкурсот за соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“.

Кандидатот **м-р ЖИВКО РАМОВ** кон пријавата ги приложил документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот Рамов Живко е роден на 18.07.1962 година во с.Рожден, Кавадарци. Завршил Машински факултет- Скопје, магистер на Универзитетот за Менаџмент и туризам- Скопје во 2010 година. Работи во Воената академија, на работно место раководител на одделение за поддршка.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Во текот на својата кариера именованиот извршувал повеќе должности во Армијата ба Република Македонија и Министерството за одбрана – Воена академија. Во однос на неговите научни, стручни, педагошки остварувања изнесени се учества на конференции со трудови и посетување курсеви по странски јазици (англиски и италијански).

**Податоци за објавените стручни и научни трудови:**

Кандидатот се стекнал со звање магистер на науки и достави документација од која се гледа дека има објавено два труда во зборници на меѓународни конференции одржани во земјата и има изработено Правилник – елаборат за униформите на

питомците во Воената академија. Кандидатот досега не учествувал во наставно-образовната дејност.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **Научно-истражувачка дејност** | | | |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| 2. | Труд објавен во зборник на трудови од научен собир | | 2 x 2 | 4 |
| | **Вкупно** | | | **8** |
| | | | | |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Елаборати и експертизи | 1x2 | | 2 |
| | **Вкупно** | | | **2** |
| **ВКУПНО** | | | | **10** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 10 поени**, што е недоволно за разгледување и рангирање, согласно конкурсот за соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“.

Кандидатот **д-р ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ** кон пријавата ги има приложено потребните документи, предвидени со Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот д-р Златко Николовски е роден на 12.04.1969 година во Скопје,.Докторирал на Филозофски факултет – Институт за Одбрана, Безбедност и Мир-Студии за мир и развој – Универзитет „Св Кирил и Методиј„ Скопје. Кандидатот учествувал на неколку конференции во земјата и во странство, семинари и проекти.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања**

Во текот на својата кариера именованиот работел на повеќе позиции во Министерството за внатрешни работи во различни организациски единици. Во однос на неговите научни, стручни, педагошки остварувања изнесени се повеќе учества на обуки, работилници, проекти и конференции од областа на безбедноста, кои во најголем дел се однесуваат на полициската дејност. Кандидатот е во постојана комуникација и своите искуства и знаења ги пренесува на други лица, експерти, теоретичари и слично.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови**

- Монографија со наслов ,,Миграции - контраиндикации или причина за позитивни ефекти“ Скопје, 2010
- Global Politician, ,,Macedonian model of etnic conflict Regulation: Through Intercultural Dialog to Multicultural Integration” 10/4/2011
- Global Politician, ,,The Changing Strategic Standing of Russia and International Security 7/29/2011
- Global Politician, ,,Ohrid Framework Agreement: Accomodation of Minority Grievances via Ethnic or Civil Identity?“ 2/10/21
- Global Politician, ,,Negotiation and Implementation of the Ohrid Framework Agreement and the Future of the Macedonian State” 2/20/2012
- Global Politician, ,,Integrated Border Management as a Contemporary Concept of Border Guard” 5/3/2012

**Вкупната актива на поени од активностите**

Кандидатот досега не бил вклучен во наставно-образовната и педагошката дејност, но од богата кариера може да се процени дека има наставнички способности. Во наставно-истражувачката дејност и стручно-уметничките активности, кандидатот имал повеќекратен претстој во странство, каде ги проширувал своите квалитети и способности, но и учествувал во работата. Се стекнал со звање доктор на науки. Најголем дел од научните активности на кандидатот се однесуваат на делот за стручно-апликативна и организационо развојна дејност, каде има објавувано стручни трудови, како и монографија, а добивал и награди и признанија за својата работа.

**Табела на активности кои се бодираат при изборот во наставно звање**

| **Ред. бр.** | **Научно-истражувачка дејност** | **Поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 1. | Научна книга-монографија | 10 | | 10 |
| 2. | Одбранета докторска дисертација | 8 | | 8 |
| 3. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| 4. | Студиски престој во странство | 8 | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | **30** |
| | | | | |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Труд во странско научно популарно списание | | 5x3 | 15 |
| 2. | Награди и признанија за работа | 4 | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | **19** |
| | | | | |
| | | | **ВКУПНО** | **49** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 49 поени**.

Кандидатот **м-р ИГОРЃОРЕВСКИ** кон пријавата ги приложил документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни..

**Биографски податоци:**

Кандидатот м-р Игор Ѓоревски е роден на 30.03.1975 година во Прилеп. Магистрирал на Универзитет „Св.Кирил и Методиј’’ - Филозофски факултет, на Институт за одбрамбени и мировни студии, со одбрана на магистерскиот труд „Раководење, менаџмент и лидерство во раководењето со одбраната на Република Македонија“се здобил со звање - Магистер по одбранбени науки, во 2006 година.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Вработем е во Министерството за одбрана - соработник за политика и планирање. Во однос на неговите научни, стручни, педагошки остварувања изнесени се повеќе учества на обуки, работилници, проекти и конференции од областа на безбедноста и одбраната. Истиот успешно реализира настава (вежби), на Воената академија.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови:**

- Игор Ѓореcки и Билјана Аврамоска, „Евроатланските интеграции – мост на земјите од Западен Балкан на патот кон Европа“, Современа македонска одбрана, бр. 22 од декември 2011.
- „Основни принципи и закони на лидерството“, Современа македонска одбрана, бр. 21 од април 2011.
- „Техники на лидерството“, Современа македонска одбрана, бр.18, 2009.
- „Менаџмент и лидерство во раководењето со одбраната“, Современа македонска одбрана , бр 17
- Igor Gjoreski and Biljana Avramoska - Gjoreska, Regional Cooperation and Integration of Western Balkan Countries into NATO and EU, Global Politican – USA 2012, http://globalpolitician.com/27261-balkans-eu-europe-nato-enlargement
- Игор Ѓорески, „Јасмин револуција“ – Првата автентична револуција во арапскиот свет – Тунис, Безбедносни дијалози бр.4, Скопје, 2011. http://sd.fzf.ukim.edu.mk/pdf/BD4_WEB.pdf
- Igor Gjoreski, “Vojni polygon Krivolak u Makedoniji: uslovi kao u Avgamistanu I Afriku”, PARTNER, мjesečnik o evroatlanskoj integracii i odbrani, br 46, april, 2012, Ministrarstvo odbrane Republika Crna Gora.
- Igor Gjoreski, “Makedonija deset godina u misijama mira”, PARTNER, мjesečnik o evroatlanskoj integracii i odbrani, br 45, fevruar, 2012, Ministrarstvo odbrane Republika Crna Gora.
- “Na clanstvo ceka od 1993”, PARTNER, мjesečnik o evroatlanskoj integracii i odbrani, br 43, 30 decembar 2011, Ministrarstvo odbrane Republika Crna Gora.

- „Učešće Makedonije u bezbjednosnim projektima EU”, PARTNER мjesečnik o evroatlanskoj integracii i odbrani, br 42, 30 novembar 2011, Ministrarstvo odbrane Republika Crna Gora.
- М-р Игор Ѓорески, „Ерозија на транснационалното право и ново преструктуирање на глобалната безбедност“, Годишник на факултетот за безбедност, „Ван Гог“, Скопје, 2011 година, (УДК:327.36 (4-672 НАТО), http://www.fb.uklo.edu.mk/dokumentizaweb/Godisnik%20konecen%202011.pdf.
- М-р Игор Ѓорески, доц. д-р Менде Солунчевски, доц-д-р Александар Главинов, „Процес на донесување на одлуки во Министерството за одбрана“, Прва научно - стручна конференција MILCON 2012, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ и Министерство за одбрана, Скопје, мај 2012. (сопствено панел излагање)
- Aleksandar Glavinov, PhD, Oliver Andonov, PhD, Igor Gjoreski, MA,Urim Vejseli, MA “Mutual Connection Between Dissasters Development and Countrie’s Security”, International Science Conference – Security and Euro Atlantic Perspectives of the Balkans, Ohrid May, 2012.
- Igor Gjoreski, MA, Nened Tanevski, MA, Mende Soluncevski, PhD, “Year of Revolutions – Awaiking of Middle East and Fear of Arab’s Revolutionary Spirit”, First Annual International Conference – Global Security and Challenges of 21st Century, MIT University, Makedonski Brod, Jun 2012. (сопствено панел обраќање)
- Менде Солунчевски и Игор Ѓорески, Организација и менаџмент“, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, 2010. Заведено во библиотека на ВА под бр.430
- Александар Главинов, Игор Ѓорески и Александар Петревски, „Типологија на цивилни несреќи и мапирање на ризици“ – Прв дел, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, 2011. Заведено во библиотека на ВА под бр. 434
- Менде Солунчевски и Игор Ѓорески, „Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови“,Универзитет „Гоце Делчев“, Штип – Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, 2012, Заведено во библиотека на ВА под бр

**Вкупната актива на поени од активностите:**

Кандидатот учествува во наставно-образовната дејност, од што може да се процени дека поседува наставнички способности. Во наставно-истражувачката дејност и стручно-апликативните активности, кандидатот имал повеќекратен претстој во странство, каде ги проширувал своите квалитети и способности, но и учествувал во работата. Се стекнал со звање магистер на науки. Посетувал поголем број едукативно-образовни настани во земјата и странство. Објавувал трудови во стручни списанија, вршел изготвување на анализи, извештаи, елаборати и други наставно-образовни и стручно-извршни активности.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Интерна скрипта од вежби | 2x2 | | 4 |
| 2. | Вежби | 2x0,2x2+1<br>2x0,2x2+1 | | 3,6 |
| 3. | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 10x0,5=5 | 4x2=8 | 13 |
| | **Вкупно** | | | **20,6** |
| | | | | |
| | **Научно-истражувачка дејност** | | | |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| 2. | Студиски престој во странство | 8 | | 8 |
| | **Вкупно** | | | **12** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Труд во научно-стручно списание | 4x2=8 | 2x3=6 | 14 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир | 2x1=2 | 3x2=6 | 8 |
| 3. | Изготвување на извештаи од анализи | 10x0,1 | | 1 |
| 4. | Елаборати и експертизи | 4x2 | | 8 |
| | **Вкупно** | | | **31** |
| | | | **Вкупно** | **63,6** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 63,6 поени**.

Кандидатот **м-р АЛЕКСАНДАР ГРИЖЕВ** кон пријавата ги приложил документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот м-р Александар Грижев е роден на 13.11.1978 година во Кавадарци. Магистрирал на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, на Филозофски факултет во текот на 2012 година. На работно место во Министерството за одбрана на Република Македонија.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| **Ред. бр.** | **Научно-истражувачка дејност** | **поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| | **Вкупно** | | | **4** |
| | | | | |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Студиски престој во странство | | | 8 |
| 2. | Труд објавен во зборник на трудови од стручен собир | 2x1 | | 2 |
| 3. | Награди и признанија | | | 8 |
| | **Вкупно** | | | **18** |
| | | | **Вкупно** | **22** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 22 поени**, што е недоволно за разгледување и рангирање, соглесно конкурсот за соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни. во Воената академија – Скопје.

Кандидатот **УРИМ ВЕЈСЕЛИ** кон пријавата ги има приложено потребните документи, предвидени со Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот Урим Вејсели завршил Воена Академија – Задар, Р. Хрватска, 1991 година, Педагошки факултет, Св.Климент Охридски, 1999 година, магистрирал на Универзитет “Св.Кирил и Методиј“ Скопје, Р. Македонија, “Институт за Социолошки, Политичко – Правни Истражувања“, 2006 година.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Кандидатот во текот на досегашната кариера има учествувано на проекти, како во земјата, така и во странство, од областа на кризниот менџмент, во владини работни групи, уредувачки одбори, како и настани од национален карактер.

Одржал предавања на повеќе стручни работилници, а на неколку бил организатор и модератор. Како слушател и учесник, земал учество и на поголем број семинари, конференции и стручни курсеви. За своето ангажирање, добитник е на повеќе благодарници.

**Од објавените стручни и научни трудови се издвојуват:**

- "Улогата на активниот состав и на резервата на вооружените сили во поддршката на нивните мисии и задачи во регионалната и глобална безбедносна средина во 21-от век", конференција организирана од ВА, одржана на 23.04.2012, Скопје
- „Безбедносни предизвици на Република Македонија и управување со кризи", Кризен менаџмент, 2006
- „Управување со кризи и цивилно-воена соработка", кризен менаџмент, 2009
- „Центарот за управување со кризи и меѓународната соработка", Кризен менаџмент, 2009

**Вкупната актива на поени од активностите**

Кандидатот учествува во наставно-образовната дејност на Воената академија, во делот на реализирање вежби со студентите во насоката „Кризен менаџмент, заштита и сапсување", каде е избран за соработник во учебната 2011/12 година. Истиот поседува организациски и наставнички способности. Во наставно-истражувачката дејност и стручно-уметничките активности, кандидатот имал повеќекратен претстој во странство, каде ги проширувал своите квалитети и способности, но и учествувал во работата. Комисијата при увид во документацијата констатира дека кандидатот во претходниот избор за соработник објавен во Билтен бр.53 на Воената академија од 22.11.2011 година се стекнал со **105,6** поени, кои што му се уважуваат.

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 108,1 поени.**

Кандидатот **м-р ЈАНЧЕ ИЛИЕВСКИ** кон пријавата ги приложил документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*" и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*", за што Комисијата утврди дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот Јанче Илиевски е роден на 03.10.1965 во Скопје. Магистрирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ Скопје, Филозофски факултет, Институт за одбранбени, мировни и безбедносни студии, Скопје во текот на 2011 година. Вработен на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје, како извршител за логистика на ВА.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Кандидатот во текот на досегашната кариера има учествувано во наставно образовни содржини во Воената академија, како и на други институции, а како слушател и учесник, земал учество и на поголем број семинари, конференции и стручни курсеви.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови:**

1. EHEDG, Светски конгрес за хигиенски инженеринг и дизајн, „Quality management of food security in civilian and military organization", Скопје, 2011,
2. Годишник на Факултетот за безбедност 2011, „Мисијата на УНПРЕДЕП во Македонија – прва превентивна мисија на ОН", Скопје
3. Безбедносни дијалози, „Иницијативите на НАТО и ЕУ за регионална соработка на земјите од ЈИ Европа", Скопје, 2011

**Вкупната актива на поени од активностите:**

Кандидатот учествува во наставно-образовната дејност, реализирајќи наставно-образовна дејност како командир на повеќе единици во армијата, како наставник по предметите „Вооружување со настава на гаѓање во 2001-2002 и „Извидувачка и топографско-геодетска поддршка" 2003-2004 година на Воената академија. Бил и инструктор за обука на офицери од 2002-2008 година во Воената академија. Се стекнал со звање магистер на науки. Посетувал поголем број едукативно-образовни настани во земјата. Објавувал трудови во стручни списанија, вршел изготвување на анализи, извештаи, елаборати и други наставно-образовни и стручно-извршни активности.

Комисијата при увид во документацијата констатира дека кандидатот во претходниот избор за соработник објавен во Билтен бр.53 на Воената академија од 22.11.2011 година се стекнал со **40,5** поени, кои што му се уважуваат.

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 45 поени**.

Кандидатот **м-р АЛЕКСАНДРА ДИМИТРОВСКА** кон пријавата ги приложила документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*" и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*", за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот м-р Александра Димитровска е родена на 02.04.1981 година во Скопје. Магистрирала на Универзитет „Св.Климент Охридски'' – Битола, на Факултетот за безбедност, во 2011 година.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Во текот на својата кариера кандиадатката учествала на повеќе обуки, работилници, проекти и конференции од областа на безбедноста, кои во најголем дел се однесуваат на полициската дејност и психологијата.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| Ред. бр. | Научно-истражувачка дејност | поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| | **Вкупно** | | | **4** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Труд во научно-стручно списание | 1x2=2 | | 2 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир | 7x1=7 | | 7 |
| | **Вкупно** | | | **9** |
| | | | **Вкупно** | **13** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 13 поени**, што е недоволно за разгледување и рангирање, соглесно конкурсот за соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни. во Воената академија – Скопје.

Кандидатот **м-р БОШКОСКА МИЛЕНА** кон пријавата ги приложила документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот м-р Бошкоска Милена е родена на 10.07.1984 година во Прилеп. Магистрирала на Универзитет „Св.Климент Охридски'' – Битола, на Економскиот факултет во Прилеп, во 2010 година.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Во текот на својата кариера кандиадатката има поголем број вработувања во различни исти туции и организации, меѓу кои и скромно искуство како демонстратор на Економскиот факултет во Прилеп. Има учествувано на повеќе работилници и обуки.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| Ред. бр. | Научно-истражувачка дејност | поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| | **Вкупно** | | | **4** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир | 2x1=2 | | 2 |
| | **Вкупно** | | | **2** |
| | | | **Вкупно** | **6** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 6 поени**, што е недоволно за разгледување и рангирање, соглесно конкурсот за соработник по предметите „*Организација и менаџмент*" и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*", за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни. во Воената академија – Скопје.

Кандидатот **м-р АДРИЈАНА БОГДАНОВСКАЃУРОВИЌ** кон пријавата ги приложила документите потребни за конкурирање на Конкурсот за избор на соработник по предметите „*Организација и менаџмент*" и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*", за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**Биографски податоци:**

Кандидатот м-р Адријана Богдановска Ѓуровиќ е родена на 06.06.1974 година во Скопје. Магистрирала на Универзитет Универзитет Шефилд – Катедра за економија, во 2005 година.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Во текот на својата кариера кандиадатката е има повеќе од 5 години работно искуство во раководење и администрирање на проекти од меѓународни донатори, 3 години искуство во економски и деловни истражувања, анализи и консултантски услуги, како и 3 години искуство како универзитетски предавач и соработник во УИСТ– Св. Апостол Павле, Охрид, УИСТ– Евро Колеџ, Куманово и УИСТ– Универзитет Њу Јорк, Скопје.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови:**

*ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО АКАДЕМСКИ СПИСАНИЈА*

1. Bogdanovska Djurovic, Andrijana, Foreign Direct Investments FDIs - MNEs and their influence on Human Capital Formation . Ekonomski Razvoj (Economic Development)

No. 2/2008.
Available at: http://www.ceeol.com/aspx/authordetails.aspx?authorid=70983f8f-a7e5-4861-90f8-e8ba6deca9fb

2. Bogdanovska Djurovic, Andrijana , FDI and Human Capital Formation in South-Eastern Europe (September, 2008). Ekonomski Razvoj (Economic Development) No. 3/2008.
Available at: http://www.ceeol.com/aspx/authordetails.aspx?authorid=70983f8f-a7e5-4861-90f8- e8ba6deca9fb
3. Bogdanovska Djurovic, Andrijana , JVCs vs. WOSs – Review and analysis of current trends. Ekonomski Razvoj (Economic Development) No.01-02/2010.
Available at: http://www.ceeol.com/aspx/authordetails.aspx?authorid=70983f8f-a7e5-4861-90f8-e8ba6deca9fb

*РАБОТНИ СТУДИИ – WORKING SERIES PAPER*

4. Bogdanovska Djurovic, Andrijana, FDI Impact on the Economic Growth in the Developing Countries (2000-2010) (July 10, 2011).
Available at Social Sciences Research network (SSRN):
http://ssrn.com//abstract=1941665
5. Bogdanovska Djurovic, Andrijana, The Relationship between Trade and Industry Structure – Evidence from some EU New and Old Members (July 11, 2011). ).
Available at Social Sciences Research network (SSRN):
http://ssrn.com//abstract=1942309
6. Bogdanovska Djurovic, Andrijana, Organizational Structure and Culture and its Impact on Knowledge Management Processes - The Case of Thomas Cook's Experience with Accenture (2002-2007) (January 11, 2011).
Available at Social Sciences Research network (SSRN):
http://ssrn.com//abstract=1947290
7. Bogdanovska Djurovic, Andrijana, Transformational Change or Not?: The Case of British Airways (2008-2010) (April 20, 2010).
Available at Social Sciences Research network (SSRN):
http://ssrn.com//abstract=1947296

*ОБЈАВЕНИ СТУДИИ И СТРАТЕГИИ*

8. Bogdanovska Djurovic, A., Madzova, V. and Gasparovic, M. (2009). Study on Local Government Support to Women Entrepreneurs in Republic of Macedonia. SNV Publications March 2009 as a separate publication.

**Табела на активности кои се бодираат при избор во наставно звање**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | поени | | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Вежби | 2x0,2x2+1<br>2x0,2x2+1 | | 3,6 |
| | **Вкупно** | | | **3,6** |
| | **Научно-истражувачка дејност** | | | |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | | 4 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир | | 4x2=8 | 8 |
| | **Вкупно** | | | **12** |
| | **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. | Труд во научно-стручно списание | | 3x3=9 | 9 |
| 2. | Елаборати и експертизи | 1x2 | | 2 |
| | **Вкупно** | | | **11** |
| | | | **Вкупно** | **26,6** |

Комисијата разгледувајќи го пристигнатиот материјал, ги согледа сите елементи и најде дека бројот на поени кој би можел да се земе поредвид при рангирањето на кандидатот е според следното: **НО +НИ+СУ+САОР = 26,6** поени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставените пријави и приложената документација, комисијата утврди дека повеќе кандидати ги исполнуваат условите предвидени со Конкурсот за избор на соработник по по предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“: м-р Урим Вејсели со освоени 108,1 поен, м-р Игор Ѓорески со освоени 63,6, д-р Златко Николоски со освоени 49 поени, м-р Јанче Илиевски со освоени 45 поени, м-р Димче Букревски со освоени 28 поени и м-р Андријана Ѓуровиќ со освоени 26,6 поени. Овие кандиадати целосно ги исполнуваат условите за избор во соработник, за кои согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни и соработнички звања се потребни минимум 25 поени.

Притоа, комисија утврди дека кандидатот м-р Урим Вејсели со освоени 108,1 поени има навистина плодна наставно образовна и научно-истражувачка дејност, но овој кандидат со Билтенот бр.53 од 22.11.2011 година на Воената академија, веќе е избран во соработник по предметите: Спасување од пожари, поплави и урнатини и предметот Евакуација, засолнување и згрижување на настрадано и загрозено население.

Комисијата, ценејќи ги досега постигнаите резултати во реализацијата на наставата и научно-истражувачката дејност се определи за вториот по ранг кандидат м-р Игор Ѓорески со освоени 63,6 поени. Кандидатот м-р Игор Ѓорески и досега успешно ја реализираше наставата во делот на вежбите од предметите „*Организација и менаџмент*“ и „*Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови*“.

Затоа членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно - научниот совет на Воената академија “Генерал Михаило Апостолски” - Скопје кандидатот **м-р Игор Ѓорески** да го избере за **соработник** во звањето **асистент**, во наставно – научната област општествени науки, по предметите: **Организација и менаџмент** и **Ресурси, мерки за заштита и спасување и снабдување во кризни услови**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **Д-р Славко Ангелесвки, вон. проф., полковник**
   **на Воена академија – Скопје, с.р.**
2. **Д-р Менде Солунчевски, доцент**
   **на Воена академија - Скопје, с.р.**
3. **Д-р Радица Гарева, доцент**
   **на Воена академија – Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОЕНИ НАУКИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ТАКТИКА ПО ВРСКИ, ДОКУМЕНТИ И СООБРАЌАЈ ЗА КОМУНИКАЦИСКО-ИНФОРМАТИЧКИ УРЕДИ И СИСТЕМИ, КОМУНИКАЦИСКО-ИНФОРМАТИЧКИ УРЕДИ И КОМУНИКАЦИСКО-ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ" - СКОПЈЕ ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на член 132, став 1-5, од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија”, бр. 35/08, 103/08, 26/09) и Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија”, бр. 83/09) Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски” - Скопје на својата Седница одржана на 05.07.2012 година со одлука бр. 03-18/215 од 05.07.2012 година, нè избра за членови на рецензентска комисија за избор на ***наставник во областа на Воени и воено специјалистичките предмети: Тактика по врски, Документи и сообраќај за комуникациско-информатички уреди и системи, Комуникациско-информатички уреди и комуникациско-информатички системи***. На конкурсот објавен во дневните весници “Дневник” и “Коха” на 22.06.2012 година, за избор за наставник за овие предмети се пријави кандидатот Блажо Георгиевски, потполковник.

Врз основа на поднесените документи и познавањето на кандидатот, согласно член 132 од Законот за високото образование, Рецензентската комисија го поднесува следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот со пријавата доставил и документи од кои се гледа дека ги исполнува условите од конкурсот *да има научен степен VII (VIIА-магистер на науки во областа во која припаѓа предметот или VIIБ – специјализација за командни и штабни должности и работно искуство на командни и штабни должности во команди и единици на АРМ), за предметите за кој конкурирал, да е воено лице, да има објавено научни и стручни трудови, да имаат службена оценка во последните две години, најмалку „се истакнува“ и да е способен за вршење на воена служба, како и да има способност за изведување на високообразовна дејност.*

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот **потполковник Блажо Георгиевски** е роден на 26.02.1967 година во Голеш, Република Србија. Основно образование завршил во Скопје, а средно образование завршува во ЕТУЦ „Михаило Пупин“, во Скопје. Во 1993 година дипломира на Воената академија во Скопје и се здобива со звање Офицер за врски.

Специјализација за командни и штабни должности завршува во 2005 година, на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје и се стекнува со звање Специјалист за командни и штабни должности.

Од 1993 година е активно воено лице на служба во Армијата на Република Македонија (АРМ). Од 1993 до 2012 година извршува повеќе должности во Армијата на Република Македонија:

- Командир на вод за врски,
- Референт за планирање и криптозаштита во команда на полк за врски,

- Командир на чета за врски,
- Заменик командант на баталјон за врски,
- Командант на баталјон за врски,
- Началник на секцијата за операции, планирање и обука (С-3) во полк за врски,
- Вршител на должноста Заменик командант на полк за врски,
- Началник на одделение за информатика во Г-6/ГШ на АРМ,
- Началник на одделение за информациски системи и криптозаштита во Ј-6/ГШ на АРМ.

**II. Наставно-образовна дејност**

Кандидатот потполковник Блажо Георгиевски одговорно, стручно, квалитетно и креативно ја организира и изведува наставата во обука, оспособување и реализација на вежби со персоналот од родот за врски.

Во улога на носител на криптозаштитата во полкот за врски директно е инволвиран во планирањето и реализацијата на курсевите за оспособување на персоналот на работи и задачи од областа на криптозаштита во АРМ.

Кандидатот има извршено контрола на повеќе активности при реализација на тактичко-стручни вежби од родот за врски во АРМ. На неколку пати бил и модератор на вежби од областа на комуникациско-информациските системи.

Во поглед на професионалното ангажирање и планско-програмските активности на кандидатот, треба да се истакне дека бил член и активно учествувал во работата на повеќе работни групи формирани од Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија и тоа за стандардизација, трансформација, обука, операции, проект менаџер при изградба на Глобалниот комуникациско-информациски систем на АРМ.

Кандидатот, исто така, учествувал и во повеќе комисии во Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ.

За време на својот професионален ангажман има изработено и повеќе елаборати и студии поврзани со употребата на единиците за врски, а учествува и во изработката на Студија за имплементација на систем за менаџирање со документи во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Кандидатот бил ангажиран во реализација на меѓународни активности, курсеви, вежби и обуки, меѓу кои и:

- Интернационален курс за заштита на силите во 2006 година,
- Семинар на тема "NATO NETWORK ENABLED CAPABILITIES" во 2007 година,
- Семинар за комуникациско-информациски системи во Хајделберг, С.Р. Германија во 2008 година,
- Завршен курс Курс CISCO (ICND1 и 2) и BSCI - 3месеци –Семос Едукација РМ во 2009 година,
- Курс за информатичка безбедност – Некстенсе Р.М во 2009 година,
- Курс по англиски – 4 месеци во Борден, Канада во 2010 година и
- Курс за софтверски пакет MS PROJECT во 2010 година.
- Курс за медиа тренинг основен и напреден во Центарот за комуникации „Џозеф Крузел" во 2011 година.

Наставно-образовната активност и работата на развојот на современата наставна база во изминатиот период се поклопува со стручниот развој на потполковник Блажо

Георгиевски, што придонесува за успешно реализирање на формациските должности и развојот на областа информатика и криптозаштита во АРМ.

### III. Стручно-апликативна и истражувачка работа

Во делокругот на стручно-апликативната работа, кандидатот има учествувано во издавањето на Правилото за гласовни радио-телефонски процедури во мировни мисии во својство на стручен соработник во уредувачкиот тим на оваа едиција.

Исто така учествува во изработката на Упатство за работа на Документ менаџмент системот во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, кое е рецензирано и прифатено на Управната група во МО и АРМ и верификувано од страна на Министерот за одбрана на Република Македонија.

Учество во стручно-апликативни проекти во АРМ и МО и тоа како:

11. Проект менаџер за Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија за реализација на проектот за Глобален комуникациско-информациски систем во АРМ.
12. Координатор во работата на проектниот тим за изработка на дизајнот и архитектурата на мрежните и комуникациските сервиси во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

## ТАБЕЛА

### НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| **Ред. Број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Интерно Упатство за документ менаџмент систем | 1x4 | | 4 |
| 2. | Воведување на апликативни софтверски решенија ДМС, ЛИС. | 2x2 | | 4 |
| **ВКУПНО** | | | | **8** |
| | **Научноистражувачка дејност** | | | |
| 1. | Учесник во проект | 2x2 | | 4 |
| 2. | Студиски престој во странство | 1x8 | | 8 |
| **ВКУПНО** | | | | **12** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | | | |
| 1. | Елаборати и експертизи | 4x2 | | 8 |
| **ВКУПНО** | | | | **8** |
| **ВКУПНО** | | | | **28** |

### IV. Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на потполковник Блажо Георгиевски, комисијата констатира дека кандидатот има завршено Воена академија - насока врски, Командно-штабна академија со специјализација на тема: “Мобилен интегриран комуникациски систем за врски на ниво полк-бригада за командно место”. Од самиот преглед и карактеристиките

на изработените трудови, се гледа исклучително плоден научно-стручен развој на кандидатот.

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев”, каде што Воената академија е придружна членка, кандидатот потполковник Блажо Георгиевски целосно ги исполнува условите за избор во наставничко звање. Тој покажува способност за наставно-образовна, научно-истражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна активност, при што може да се констатира дека го исполнува потребниот квантум (25 поени) за да биде избран во наставничко звање – наставник (вкупниот број на поени на кандидатот е 28).

Затоа членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Воената академија “Генерал Михаило Апостолски”–Скопје, кандидатот **потполковник Блажо Георгиевски** да го избере во звањето **предавач** во наставно – научната област воени науки по предметите**: Тактика по врски, Документи и сообраќај за комуникациско-информатички уреди и системи, Комуникациско-информатички уреди и комуникациско-информатички системи**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

4. **д-р Драге Петрески, вон. проф., полковник на Воена акдемија – Скопје, с.р.**
5. **д-р Василија Шарац, доцент,**

   **Универзитет “Гоце Делчев” – Штип, с.р.**
6. **д-р Елениор Николов, доц., полковник**

   **на Воена акдемија – Скопје, с.р.**